„Во Џенетот има дрво под кое коњаник, јавајќи брз и силен коњ сто години, не би можел да ја помине неговата сенка.“

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Во Џенетот има дрво под кое коњаник, јавајќи брз и силен коњ сто години, не би можел да ја помине неговата сенка.“

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, укажува на величината на едно дрво во Џенетот – толку е големо што дури и коњаник што непрекинато јава тркачки коњ сто години не би успеал да го премине крајот на сенката на неговите гранки.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/8350